064.912
B933sbo
v. 15

СБОРНИКЪ

ЗА

НАРОДНИ УМОТВОРЕНИЯ, НАУКА И КНИЖНИНА

ИЗДАВА

МИНИСТЕРСТВОТО НА НАРОДНОТО ПРОСВѢЩЕНИЕ.

КНИГА XV.

Българска академия на науките. Бр

СОФИЯ
ДЪРЖАВНА ПЕЧАТНИЦА
1898.

5 К

Digitized by Google

6. Прѣдания за лица и мѣста.

Отъ Прилѣпъ.

Записалъ *М. К. Цѣпенковъ.*

1. Прѣдание за гр. Прилѣпъ, Варошъ и околностьта и за избѣгваньето на Марка Кралета отъ Варошъ.

Полоіната от градот Прилеп, што іет одаѧде река, близу до селото Варош, откаі што веит северот, во старо време треба да било еден грат и со едно име се викал Прилеп, чункьи зат селото Варош имат едно село, што се вика Заграт. Тоа селце покажуа со своіето име, оти близу до него имало грат, та затоа іе наречено Заграт или Зад-грат.

Во синорот Заграцкьи, каі да копат чоек, сѐ кье наіет темели со тули и камен и вар от стариіо грат, што бил во старо време. Така и во синорот Варошкьи секаде имат стари темели. Каі што іе сега селото Варош, пот полите от планинката на Маркоіте кули, имат четири-пет цѧркви здрави, чункьи тука било лицето на градо. Во Варош и околу Варошот имат многу темели от цѧркви. Имат и на многу каменье високьи и нискьи светци зуграѵдисани[1]): свети Никола, свети Георгьиіа на конь, арно не се познаат, дали іе свети Георгьиіа, чункьи іет како забрисано от дождои. И друзи икони имат. Прет тиіе икони имат и темели, токмо со земьата изурнати, от цѧркви. На многу места имат темели каі што немат икони. Седумдесе и седум цѧркви имало во старо време во Варошот. Здравите цѧркви, што сет сега, се викаат: една свети Димитриіа, друга свети Никола, трекьа свети Петѧр. четвѧрта света Пречиста и петата свети Арангьел. От сите пет цѧркви редовно се служи во свети Димитриіа и во свети Арангьел, а во другьите кога му іе храмо се служит литургьиіа.

Варошаните не служат еден сведен или два, како во друзите села што служат, како панаир, што си праат друзите села. Варошаните служат, да речиме, 10—15 кукьи Пречиста, 10—15 Митроен, 10—15 свети Никола, 10—15 свети Атанас, 10—15 света Петка и друзи исто како што служиме во градот. Тоа пешто, ми го кажале стари, што си служиле сите Варошани на башка, било причината от цѧрквите, што и имале во старо време во Варошот. Секое маало си имало и една цѧрква и от истата цѧрква си го имала и храмот. И секое маало си биле еден соі, та затоа си имале и своіа цѧрква напраена. Коі не пошол во Варош да види, не кье веруат, оти така било, а коі пошол кье веруат и кье натверуат, чункьи цѧрквите, што сет сега здрави, сет многу малкьи и от тоа кье веруат, оти секоіе маало и секоі чорбаџиіа си направил тогаі цѧрква и от тоа іе верно, оти биле седумдесет и седум цѧркви.

Друго. Секоі можит да веруат, оти имало многу цѧркви, чункьи сите полои варошкьи (или прилепцки) сет от село Варош, пак и старите даскали

[1]) Изрисувани.

Digitized by Google

сет от Варош, при се што іе градо Прилеп три илъади кукьи, а Варош близу триста кукьи и пак от Варош има попои и даскали, дури и пишуачи на книгьи[1]).

Турците, коа го превзеле Прилеп, ич пушка не пукнала, чункьи биле къоа без глава тогаі за тогаі. Го пречекале турцкьию главатар и „многу ти години“ му рекле. А пак главатарот им рекол: „да сте живи, синковци“. „Многу ти години ага“ и „да си жив, синко,“ и ден денеска се велит. От нас: „да ти се многу години, ага,“ а от турците: „да си жив, синко“. От сто години ако іе еден бугарин, ако му речи на некоіе турче от десет години „многу ти години“, турчето кье му отговори: „да си жиф, синко“. Тоа преданиіе било, според турци, што ми кажуале, уште откога го превзеле Прилеп и му се сториле прилепчани теслим како на некоі татко, да за тоа ни велат „синко“.

Откоа го превзеле турците Прилеп, останал еден воівода со едно чете турци во Прилеп, за да и повела, а другата воіска ошла во Битола. На три места биле разредени турците да седат низ градот по време на превземаньето на градот. Тоа нешто може секоі да види и да поверуа от турцкьите направени стари две џамии, банья, текье и други нешта.

Темелите на банъата и на текьето сет отдесно на Варош, откаі што огрева сонце, близу до Маркоі-кули, а двете џамии по-долу отпрет Варош, далеку колку 10—15 декьики. Едната џамиіа іет на краіот от долно-маало (во моіето маало)[2]), а другата каі Чолаковци (Чолакоско-маало), на патот коа да оди чоек за Крушоо или за во Бучин и во други села. Оваа џамиіа, што іет каі Чолаковци, расипана іет со се темели, само еден куп каменье, тули, со вар иззидани, стоіат, колку за нишан[3]), а џамиіата, што іет пот Долно-маало, здрава си іет донекаде, само вкрвот от минарето іет паднало. Обете џамии сет направени пот градо Прилеп на запат и іуг и прет тиіе џамии кукьите, што сет сега населени со бугари, прет шес-седумдесет години биле от турци и живеале турци; арно ама полека-лека се преместиа от тиіе маала по-горе во градот, чункьи и се множеа. На горниіо краі на тиіе маала во Варошкото и Сѣздарското имат две џамии, имат и неколку кукьи турцкьи.

Отнат скършената џамиіа покраі Пусти-сокак и покраі бавчите имат еден sит, направен до Чолакоското маало. Направен іет от турците во старо време, како за да го бранат градот, чункьи има на многу места дупкьи за метерис. Таков sит имало и от страната помеѓу Варош и Прилеп, според старци како што ми прикажуале. — „Еі гледаш, синко, тиіе каменье, што іе праен sидот?“ — ми велеше татко; „сите сет от Варошкьите цркви, што и расипале некоаш турците и и донесле овде“. Коа чуф тоі збор от татка, го запрашаф по-надолго и по-напироко за какфа причина израсипале Варошкьите цркви тогаі турците.

Татко ми каза, за оти црквите биле праени поекье от кралеи и банеи, а наі-поекье Марко Крале имал направени цркви и манастири, арно ама при сé што имал толку цркви направени, во никоіа во недела или во празник не влегуал. Понекоаш кье поминел на конь краі црква и кье го пуштел муздракот, за да му надени попо наора, и прао кье поідел на ладна меана да пиіет вино и ракьиіа. Откоа кье іа направел глаата, кье излезел по патиштта и друмиштта и кье пречекуал царцкьите азни, да си пленуат. Многу пати пленуал и от сиромаси цари. Ете от такиие сиромашкьи цари биле праени тиіе цркви, тикьи от сиромашкьите клетви не останале до век сите, што биле, како што останале пет-шес цркви здрави досега.

[1]) Поп Ангеле Смичковъ е съчинилъ една книжка.

[2]) Улица, гдѣто живѣѣ азъ и гдѣто ми е къщата.

[3]) За таіа џамиіа има предание, оти Марко Крале вкрвил со мбрико и леено, кога викал опата, и іа турнал.

Digitized by Google

Диреците от цѫрквите, што се расипаа, и престолите, сите биле от мермер. Сите се однесени на турцкьите гробои каі гробиштата Кѫрклари (кѫрк кардаш, четиридесет бракья) и сет клаени на многу гробои. На многу от каменьето имат писма. Исчукани сет, да не се познаваат арно.

При сé што имам опишана отбашка за гробиштата Кѫрклари, арно ама овде му іе местото, тикьи кье прикажам, како се прикажуат от стари. Тиіе четириесет мина турци се созборуале и се побратимиле, да седат тамо нокье и да го чекаат Марка Кралета, да го убиіат, арно ама гьоа Марко и истепал една нокь сите. Откоа и нашле турците сите истепани, и закопале тамо и и нарекле за светии. Оттогаі да дури до ден денеска секьи петок му палат на гробоіте свекьи лоени. — Откоа беше и истепал Марко турците, по малку време видел една пушка и іа опитал во левата рака, како души куршумот. Откоа видел, оти му се душнала раката, видел, оти іунастото негоо нема да спацира и беше си коал шарца пеливана со поткоите наопаку и курдисал едно рало тапани на ветѫр ф кале на Маркоф чардак и іа спраштил една нокь во Демиркапиіа, та се скрил во една пештера. Лугье го нашле во пештерата гьоа прет стотина години и зборуале со него. Го прашал некоі чоек, коа кье излезит от пештерата на мегдан, Марко му рекол, сабьата коа кье му доизлезела от ножница сета сама, тогаі кье излезел.

Откоа си ошол Марко от Прилеп, тапаните се си буале на ветѫр, дури му кажала една гьаолцка баба на турците, оти Марко бил побегнат, и тапаните биіеле на ветѫр. Коа ошле турците, вистина и нашле тапаните курдисани на ветѫр.

Како што се запустиле цѫрквите Маркоі во Варош, така се запусти и кало, откоа си побегнал, чункьи и кало Марко коа го праел, наредил чоек до чоек от кало да дури до Кукул, да подаваат каменье от рака на рака. Кое бабата што лулала децата, го проколнала, кое жените доіаркьите, и го втасале клетвите сиромашкьи, та кало се запусти[1]).

У варошаните има и еден навик, останат от старо: секоі да псали в цѫрква. Коі от коі се натпреварааат да псалаат, Оче наш да го велаат и веруіу и друго.

У варошаните имат една стара потгоорка, што си велаат помегьу себе, коа да свѫршат некоа тешка работа, али да седат на чесна и кралцка тѫрпеза и да пиіат вино со чабура. Ако свѫрши некоі тешка работа, а друг, коа кье го повалуа, кье му речи и вака: „Маркоо кало си бил, бре синко, што іа свѫрши оваіа работа“. А пак некоі, ако можи другьега да го натпиіет со вино и ракьиіа, па кье му речат за да го повалат: „Маркоо кало іет, да затоа многу можит да пиіет“. И за друзи многу работи така си велат и се валат.

У варошаните да бараш кралцкьи песни, кье наідиш колку ти душа сакат. У варошаните имат борачкьи, рипачкьи и камен вѫрланье на добри дни и панаѓури.

Сето тоа и друго и покажуат варошаните, оти седеле во еден кралцкьи грат, бугарцкьи, паречен во старо време Прилеп, а сега Варош (кѫрстен от турците, коа дошле, можи би).

Некои сакат да кажат, оти откоа дошле некоаш сѫрбите, го кѫрстиле селото Варош, чункьи било близу до кало и от нив му останало (на селото или част от грат Прилеп) името Варош.

Друзи па сакат да кажат, оти турците, откоа дошле во Прилеп, го нарекле селото Варош. Турците сега го викат селото Варош, а кога дошле се викало со едно име и селото и градо Прилеп. Некоі старци ми прикажуале за името от градо Прилеп, како му іе дадено от нашите предедовци, коа го

[1]) Вижь Сбм., I., стр. 125. Маркои Кули и Кукул. Описаното тукъ предание за гр. Прилепъ и пр. е допълнение на първото ми.

Digitized by Google

запраиле. Прилеп саколо да се речи прилепено до калето от Марка или Прилеп сака да се речи прилебно место, каі што се рагъало леп (жито и пр. Прилепскьи берикьет прочуен іе во сичко).

Со коіе име да го наречиме гр. Прилеп, сé си іе кѫрстен от бугари, ами сета земьа Руменлиіа: от Дунаот да дури до морето, што іе покраі Гѫрчко, секоі грат, секоіе село, секоіа планина, секоіе ритче и долче; секоіа река, мала или голема, секоіе езерце и езеро се викаат от лугьето со бугарцкьи имињa. Не само от бугарите се викаат по бугарцкьи, ами от сите лугье, што живеат на нашава земьа (на Балканскиіот полуостров).

2. Предание за калето надъ градъ Тетово „Исаръ".

Калето Исар іе близу нат градо Тетоо и іет вземи пропаднато. Прет да доідат турците во Тетоо, калето било згора нат земьата и едно тѫргнале турците за Тетоо, и си пропаднало во земьата, не знам колку адамбои длабоко, со сите убаињe, што имало внатре во калето, со сето безброіно азно, што имало тогаі. Пропаднуањето било, едно, за да не влезат во него турците и бидеікьи изгъинале сите тетоскьи іунаци. Само останале некоі плочи големи, озгора на местото, каі што било калето, и на плочите имало многу пишани от тогашните іунаци. Имало стапалкьи от Марка Кралета во камено, каі што стапил некоаш и му пропаднала ногата сосема ти скорен. И друзи пишани имало. Само една дупка има на местото от калето, што му служи како бара, за виделина да му одело внатре.

Стари тетофчани прикажуаат, оти во калето Исар имало азно неброіано; арно ама секоі се боіал да влези внатре, чункьи веруаат, оти има стопан, што го варди внатре азното.

Прет дваесетина години некоі тетофчанец варел ракьиіа. Имало краі него и некоі приіатели, што си пиіеле от ракьиіата, што текла от казано. Бидеікьи гумно му било на ракьиіата, еден от гостите се изнапил іако, а друзите не биле како него. На тоа згора му текнало на по-свесните за да го натераат напиіениіо, да влези во дупката от калето Исар и да види, што има внатре. Кандисал напиіениіо и го вѫрзале со неколку ортоми, та го пуштиле внатре. Коа слегол внатре и се видел во едно длабоко место и чудно, веднаш отрезнал и се освестил. Прошетал вамо-тамо нис калето, што да види, брате мило! тиіе одаи, коіа от коіа по-убаи по напраата, со тиіе такѫми, кралски работи; миндерите и столоіте биле послани со морао кадифе, а во одаите и по чардаците биле послани се со зелено кадифе. Сето било толку убао, што да ти іе грех со рака да ватиш. Шетаікьи низ одаите, дошол до една врата голема, железна и іа потурнал со рака; та се отфорила, коа погледал внатре, зрако от очите му се зел от светлината на алтѫните, што имало тамо. Тоа место било, каі што било азното. Кьи знаі колку тоари алтѫни имало тамо, со камили да и креваш, не се докренуале. — „Ха", беше си рекол чоекот во себе си, „еве сега дури го погодиф, іа чекаі да влезам внатре и да си наполнам пазуите и дебоите со алтѫни". Едно слегол во вратата во азното и што да види, братенце мило! на место алтѫни еден голем смок, завиткан колак, колку едно гумно. Глаата и опашката му биле клаени едно вѫрз друго во стреде колако. Отвѫртел очи смоко како от некоі страшен диф биіол. Една остра коса имал смоко на глаата, како некоа свињска кострушина, толку долга му била, што дури по сета снага била растурена. Коа го виде чоекот толку страшен смоко, беше се омаіал и се здѫрвил на местото. — „Туф бре гъиди", си рекол сам во себе си, „іас со пѫрво видоф овде алтѫни, сега наместо алтѫни гледам страшен смок, каква работа кье биди оваа, и іас не знам". На тоа згора беше почнал нога за нога да се вракьа назат и излегол однатре. Штом излегол однатре, и пак смоко станал алтѫни. — „Е, зер овиіе алтѫни сет наречени за да не се

Digitized by Google

даваат за сега на чоека". Тајгнал да си оди и вратата от страф не та затфорил, арно ама, сама беше се затфорила. Замавнал оргомата, за да го истепат надвор, и, откоа излегол надвор, ова нешто го прикажал на своите другари и от збор на збор еве каї се прикажуа от тетофчани и от друзи до ден денеска [1]).

3. Предание за с. Бабушъ въ Косовско поле и за султанъ Мурада.

Кога бил цар Мурат на Косоо со аскьерот да се бие со сърбите, шаторот му бил распнат до селото Бабуш. За оти вистина му бил шаторот на султан Мурата до селото, се докажуа от самите селани и от неколку дрвја, пораснати околу наоколу, каї што бил распнат шаторот, распнат за тиіе колје што бил распнати шаторот. Тиіе колје се ватиле и пуштиле шума, царо уште бидеікьи тамо. Со колјето, што се ватиле тогаї, царо сетил, оти Госпо му покажал чудо, та да поверуат, оти кье и победи сърбите. Ова нешто не само селаните от с. Бабуш го знаат, ами сите села кософски го знаат и го прикажуаат. И по многу други градои го знаат и го прикажуаат.

Друк еден нишан му се кажало на царот от еден селанец, што бил во селото Бабуш. Селанецо бил многу богат. Тоі си имал еден амбар многу голем от многу дебели штици. Амбарот му бил полн со жито. Седеікьи царо тамо много време со воіската, му се свършило житото и пратил еден елчиа во селото да земет троа жито, за дури да му доіди нему откаї што му идело. Ваиікьи от селаните елчиата жито, го пратиле каї богатиіо. — „Имаш, бре чорбаџи, троа жито да му даиш наваем на царо?" — го прашал елчиата чорбаџиата. — „Дал Госпо, ефенди", му рекол, „дал Госпо". Си кренал елчиат колку што сакал и му го однесол каї царот. Се изело тоа жито и пак оние да кренат и го докренале сето от амбарот. Откоа го изеле и тоа жито, пак посакале от богатиіо жито. — „Имаш, чорбаџи, жито да ни придаиш?" — му рекле. — „Дал Госпо, ефенди", му рекол. Тоі се со „дал Госпо" му одгоорал на царскьите лугье. Арно оти рекол дал Госпот богатиіо, арно ама елчиата знаел, оти го испразнил амбаро прет неколку дни. При се што знаел, пак отиде да види, што има во амбаро. Кога пошол да види, амбаро полн и рамен со жито. Откоа го испърпале и тоа жито, му кажале на царот, оти амбаро го испразниле неколку пати и пак се наполнил. Кога чул царот тоа нешто, отишол сам да види и беше го муурлеисал амбаро за да види, дали кье се наполнит. Тамам го доіаде аскьеро житото, и отишол сам царо да види, дали кье има жито во амбарот. Коа го одмуурлеисал амбаро царо, што да види? Полн и рамен со жито. — „Ее", тогаї си рекол сам царо со умо, „овоі чоек треба да іе светиа и затоа му се полни амбаро со жито. Іа чекаї да му подарам нешто за сномен да ми остани". И го викнал прет себе, та му рекол да іавни еден коњ и да го бодни нис полето, колку да можи да бодиња во полето и колку место кье избодиња околу наоколу во полето, толку да іет негоо. Откоа го избодиња во еден саат местото богатиіо, зеде царо четири големи каменье и сам со своіата рака беше и закопал на четирите кьошеи, да му се знаит. Му дал и еден ферман за тоа поле негоо да биди, никаква вергъиіа да не плаќа дури іе турско.

Чудните дрвја, што се пораснати от колјето на шаторо от царо, стоіат и ден денеска. От тоі соі дрвја никаде не се наогаваале сега, ајанп нис имале. Истиіо амбар си стои и от истиіо чорбаџиа имат за сега 50 души от соіо негоф. Сите живеіат во една кукьа и на една трпезариіа ручаат и вечераат. Стареа за сега му іет дедо Отаноіа. От тиіе педесет души ни се женат, ни се мажат, при се што да имат момче и мома от ниф. Момата кье іа имаат во друга кукьа и за момчето кье земат от друга кукьа. И тоа іе да се чуди чоек, што от педесет души поскье не се множат. Еден ако се роди, друк кье умри, за пак да се педесе.

[1]) И у нас во безистено Прилепечкьи (крај с. Прилепец) и во манастиро Чепигоскьи има таквиіе алтани, варденп от смок и от св. Никола.

Digitized by Google

4. Марков камењ во с. Луботин.

Кога сакале да се тепаат џенк кралеите на рамно Косово, се собрале кралеи и банои да праат мушафере, као да и пречекаат турците и да и истепаат, за да не му завладаат земьата. Сите биле собрани во селото Луботин (Косовско) и помегьу сите кралеи бил и Марко от Прилеп. Секої се валел со сфоето іунасто. Фалеікьи се секої, се повалил и Марко и за да видат сите, оти іе силен и іунак, грабнал една сцила, што била тамо (како от Бога максус да била остаена тамо) и коа іа кренал на десната рака и потскочил неколку нозе и іа вкрлил сцилата, велеікьи му на кралеите: „еве іунак кого викаа, коі вкрлат камен от село Лобутин до селото Доброшти". Така му рекол Марко на кралеите и го метнал камено за во селото Доброшти. Арно туку, не го довкрлил до во селото, ами до полпат го вкрлил, и тамо паднал, чункьи Госпо му іа скусил силата, да не се кабардисуа толку Марко со негоото іунасто. Коа виде Марко, оти на полпат му паднал каменот, малку као да се устрамил от кралеите, дека не го отерал до селото Доброшти, и веднаш іа курдисал една лага. — „Сакаф ф село да го вкрлам каменот, арно ама преесапиф, да не истепам селаните, тикьи доонде го вкрлиф. Чекаі да му поідам да го пресечам со сабьава, за да се памету и да се вика Маркоф камен," му рекол на кралеите. И за вистина така се вика тоі камен до ден денеска от турци и от рисьани „Маркоф камен", пресечен со сабьата на полоіна, да се памету и да се прикажуа по сета цареа земьа.

5. Трите каменье от Марка Кралета.

Колку еден куршум место от градо Скопье имат една меана, што се вика Аіджр-баба от турците, а от рисьаните се вика Маркоа меана.

Во старо време, коа бил Марко при татка си во Скопье уште во детинство си излегуал на тоа место каі Маркоа меана и си играл со децата со секакфи играчкьи. Со коіа игра што кье играле, се Марко кье и надиграл.

Еднаш, што му текнало на іунако Марка, кье играт со три шилци артирисуана. И остаил со пкрво Марко сите деца да рипаат и да артирисуаат, и отко артирисаа сите, му и дадоа шилците и Марко да артирисуа. И зел Марко шилците в раце и и погледал, та и окжрцил на триста парчиња. — „Не се за мене овье шилци, бре момчиња, му рекол; за мене оньe каменье сет за шилци, а не дкрфцава". Така му рекол на децата и отжрчал донекаде туа близу, каі што имало едни танкьи да високьи каменье, како што има по турцкьите пробишта, и зел три каменье наместо шилци, та дошол и застанал на белего, каі што требало да рипа и да артирисуа. И спроти како што се игра играчката, рипнал на една нога пердаф, докаі што можел, и са поднаведил, докаі што можел, та го закачил едниіо камен. Фтори пат рипнал пак на една нога и се поднаведил та го закачил и другьиіо камен; и трети пат рипнал и го закачил и трекьиіо камен. Со трите пати рипнуање, отишол близу полсаат место и и закачил трите каменье во земьата, како колчиньата, што и закачуаа друзите деца. Коа видоа децата тоа чудо од Марка, сите си поткасале рилкьите и собрале рамениците, и уште еднаш не му текпало да играат со Марка некоіа играчка, чункьи на какфа играчка да играа, се тоі кье и надиграше.

Тиіе три каменья и ден денеска стоіат и ако сака некоі да и откачит, не било чаре да можи да и откачи от земьата, чункьи наместо ако го откачуаш камено, тоі уште кье се закачуа подлабоко.

6. Станков камень въ с. Бугарска Блаца и воспоминание за Краль Марка.

Селото Блаца (Костурско) населено іе от 100 кукьи чисти бугари. От селото Блаца (Бугарска) іе далеко околу три саати до Костур. На долната

Digitized by Google

страна от селото, колку полсаат далеку, има еден камен, што го викаат селаните „Станкоф камен“. Станкоиіо камен іе висок околу сто метра и долк 50—60 метра. Околу тоі камен има нивье, што се работат. Згора на камено во стредето има една стапалка от маска (катѫр) и до стапалката има една узенгъиіа. До узенгъиіата има еден скорен (чизма). Сите три нешта сет излабени во каменот уште от старо време, кога царувал Марко Крале от фкачуањето негоо на каменот.

Сите селани от селото Бугарцка Блаца, мало и големо, веруаат, оти се качил Марко Крале со маската, што іа вьаал, во тоа време, кога шетал по Костурско и каі што стапила маската, от што силно згазила, іе пропаднала ногата; и слегуаікьи Марко од маската, му се скьинала узенгъиіата и му паднала на камено, та се закопала во камено. Зер се налутил Марко тогаі и удрил со скоренот на камено, та му се закопал, и останале тиіе три трагьи на Станковиіо камен да се прикажуа не само от селаните от Бугарцката Блаца, ами и от селаните от Гѫрчката Блаца и от сите села, што се околу Блаца.

При се што іе толку висок каменот, пак можи чоек да се качи горе, чункьи има како скали од една страна на каменот, та лесно можи чоек да се качит. Озгора камено іе рамен и овде-онде има пораснати дѫрвьа, тѫрнье и тревье.

За маскава, што іа вьавал Марко и се качил на Станков камен, сега за пѫрф пат слушам от Куза — селанин од истото село. Нито во песна, нито во приказна, нито по некоіе преданиіе не сум чул, Марко да вьава маска.

Откоа се прочу Марко за іунак, се вьавал Шарца пеливана, да дури умрел или откоа се скрил во некоа пештера, заедно іе со Шарца пеливана и на Шарца катагодина му се менуала длаката, а на Марка кожата и му излегуала по троа, по троа сабьата и, дури да доизлези сабьата, кье излезел на бел сфет со Шарца пеливана.